СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 1995 година

Скопје, јули 1995 година

**23-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДРЖАНА НА 14 ЈУЛИ 1995 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН - стр.1
2. ДЕМИРЕЛ СУЛЕЈМАН - стр.2-9


крај

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14 јули 1995 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 10,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

(Кога г-динот Стојан Андов и другите гости влегоа во салата пратениците ги поздравија со аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

Ја отворам дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија која ја свикав по повод посетата на претседателот на Република Турција, г-дин Сулејман Демирел на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата поканети се и присуствуваат: Претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров.

(АПЛАУЗ)

Претседателот на Владата на Република Македонија г-дин Бранко Црвенковски.

(АПЛАУЗ)

Членовите на Владата на Република Македонија и други претставници од јавниот општествениот и културниот живот од нашата земја.

На седницата исто така присуствуваат шефови на странски дипломатско- конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

(АПЛАУЗ)

Дами и господа пратеници, почитувани гости

Ми причинува особено задоволство меѓу нас да го поздравам неговата екселенција претседателот на Република Турција г-дин Сулејман Демирел и личностите што го придружуваат за време на неговата официјална посета на Република Македонија.

Имам чест да го поканам г-динот претседател Демирел да му се обрати на Собранието.

(АПЛАУЗ)

**СУЛЕЈМАН ДЕМИРЕЛ:**

Почитуван претседателе,
Почитувани претставници на пријателскиот македонски народ,

Под овој покрив, кој ја симболизира желбата за слобода на македонскиот народ, срдечно Ве поздравувам во име на турскиот народ и Ви ја изразувам својата благодарност што ми ја дадовте оваа можност. Чувствувам гордост и среќа што ќе им се обратам на еминентните претставници на Парламентот.

Почитувани пратеници,
Во периодот кој претставува гранична точка во историјата на Македонија, покрај активностите од вообичаен тек, како што се, од една страна, создавање на државна структура која ќе се базира врз современите сфаќања и, од друга страна, изготвување на закони што ќе претставуваат основа за остварување на важните реформи во тешкиот период на транзиција, презедовте врз себе и исклучително одговорна, но и горда мисија. Длабоко сум убеден дека на најдобар можен начин ќе ја исполните оваа Ваша света задача.

Почитувани пратеници,

Парламентот е најважниот елемент во структурата што го овозможува постоењето на слободното и демократско општество. Парламентот е еминентна институција во која се дискутира за проблемите на општеството и се изнаоѓаат решенија за истите, и каде што се манифестира ненарушливиот заеднички дух на народот. Изнаоѓањето на решенија за присутните проблеми понекогаш може да претставува комплициран и долготраен процес. Меѓутоа, не треба да постои страв од тој пат и да се скршнува од него. Легитимитетот секогаш се формира во парламентот.

Демократската култура, навиката за договарање, толеранцијата, се рефлектираат врз народот во онаа мера во која тие се развиваат во парламентот. Закажувањето на универзалните современи вредности како што се демократските институции, владеењето на правото, основните човекови права и слободи и, во таа смисла, економските слободи, е нешто што е задача првенствено на политичарите. Она што како задача им се наметнува на политичарите е да бидат предводници во установувањето во општеството и демократската политичка култура што ќе се базира на универзалните вредности.

Почитуван претседателе,
Почитувани пратеници,

Турскиот народ со големо внимание ги следи напорите што ги вложува македонскиот народ на патот на повеќепартиската демократија и слободната пазарна економија. Искрено сакам да истакнам дека успехот и решеноста, што ја манифестиравте на тој пат, заслужуваат честитки. Турскиот народ чувствува радост поради чекорите што пријателскиот македонски народ ги прави во таа насока. Несомнено, на почетокот на тој избран пат, по напуштањето на цврстиот и централизиран политички и економски систем, доаѓа до тешкотии. За нивно премавнување потребни ќе бидат трпение, разбирање, решителност и време. Она што е важно е присутните проблеми да се разрешуваат во согласност со демократските принципи и во склоп на демократските институции. Токму поради тоа, развојот што македонскиот народ го постигна во краток временски интервал уште повеќе добива по вредност, а истовремено претставува извор на вера и самодоверба за во иднина. Како човек кој повеќе од триесет години од својот живот посветил на политичкиот живот и борбата за демократија, сакам да истакнам дека она што ја доведе Турција во ранг на оние демократски земји во светот кои најбргу се развиваат, е решеноста на турскиот народ да живее во демократија, стабилност и просперитет.

Почитуван претседателе,
Почитувани пратеници,

Турција и Македонија се поврзани со врски на искрено пријателство кои потекнуваат од заедничкото минато и заедничките вредности. Турција тие врски ги манифестираше со тоа што беше првата земја на светот што ја призна Република Македонија. Вредностите што заеднички ги делиме и врските на љубов и почитување што постојат меѓу нашите два народи, се од посебна важност за нашите билатерални односи. И македонските Турци, лојални државјани на Македонија, преку мостот на пријателството што го формираат меѓу нашите две земји, даваат свој придонес кон овие вредности и нашите меѓусебни односи.

Во таа смисла, следејќи ја независноста на Македонија, односите меѓу нашите две земји, забележуваат брз и константен развој. Навистина, меѓу Турција и Македонија не постои ниту еден политички проблем. Меѓусебните посети што продолжуваат да се одвиваат на високо ниво, претставуваат силен показател за нашето пријателство и блискост. Чувствувам задоволство што во Ваше присуство можам да истакнам дека и кај двете страни е присутна желбата и настојувањето овие односи уште повеќе да се продлабочат. Одлучни сме и решени овие односи,

пред се, оние на економски и културен план, да ги развиваме во повеќе насоки и на тој начин повеќе да се доближиме едни до други, во контекст на заедничките интереси и вредности

Правните рамки на нашите меѓусебни односи бргу се заокружуваат. Искрено верувам дека "Договорот за спречување на двојното оданочување" што беше потпишан за време на неодамнешната посета на господинот премиер Црвенковски на Турција, како и "Договорот за заштита и поттикнување на инвестициите" што за време на оваа посета го потпишаа министрите за надворешни работи, ќе претставуваат почеток на новиот прогрес во нашите економски односи. Исто така, заемните средби што во склопот на оваа посета ги имаа еминентните македонски и турски стопанственици, што се ударната сила во пазарната економија, претставуваат можност нашите односи да се приближат до онаа перспектива на која во денешниот свет и се придава посебна важност, при што, на тој начин ќе се зајакнат нашите трговски и економски врски.

Почитуван претседателе,
Почитувани пратеници,

"Договорот за пријателство и соработка" што денес ќе го потпишеме со извонредниот државник, почитуваниот претседател Глигоров, според мене, ќе преставува силна потврда пред меѓународната заедница на турско - македонското пријателство. Цврстото и искрено пријателство го прави духот на овој договор. Заемното почитување, намерата меѓусебно подобро да се запознаеме, желбата проблемите што би можеле да искрснат да се решаваат со дијалог, напорите да ја зголемиме соработката и чувството на солидарност во тешките мигови, - критериуми што го претставуваат вистинското пријателство меѓу земјите - се наоѓаат во сржта на нашите односи.

Почитуван претседателе,
Почитувани пратеници,

Со потпишувањето на договорот за пријателство и соработка со почитуваниот претседател, државникот г-дин Глигоров, според мене пријателството меѓу Македонија и Турција на ниво на меѓународната заедница уште еднаш силно ќе го потенцираме. Пријателството, кое што е искрено и од корен со ова го сочинува духот на овој договор. Потребата за меѓусебно запознавање, меѓусебно почитување желбата по мирен пат да се решат проблемите кои евентуално би настанале, желбата за зголемување на соработката и чувството за поткрепа и поддршка во тешки случаи ќе ја сочинува вистинската основа на пријателството меѓу двете земји и критериум за суштината на односите меѓу нашите земји.

(Долготраен аплауз).

Сакам пред Вас да го изнесам своето уверување дека пред пријателството меѓу Турција и Македонија претстои блескава иднина.

(Аплауз)

Почитувани пратеници,

Со распаѓањето на Советскиот Сојуз и рушењето на идеолошките ѕидови што го делеа светот, на дневен ред дојде проширувањето на границите на Европа кон Исток. Порастот на бројот на земјите кои денес сакаат да станат членки на Европската унија е развој што радува, бидејќи Европа претставува унија која ги остварува вредностите и целите кацо што се демократијата, човековите права, владеењето на правото, слободната пазарна економија. Всушност, постепеното подигање на економските граници не само во Европа, туку и во целиот свет, трасираат пат кон овој поредок во кој човековите права и демократијата ќе бидат неприкосновени. Глобализацијата стана неизбежна.

Европа, чиј дел сме и ние, минува низ процес на преобразба. Балканските земји, час поскоро треба да се приклучат кон тој процес и да влијаат врз тој процес. Потребно е да ги развиваат и зајакнуваат мултилатералните облици на соработка, како што е Црноморската соработка, што ќе ја олеснат и финализираат интеграцијата во Европа, да им одговорат на потребите што во нашиот регион чекаат итни инвестиции, како што се транспортот, телекомуникацијата и енергијата, и да ги развиваат постоечките можности во тој домен.

Во тој контекст, проектот на коридорот Запад-Исток е една од најважните работи. Турција не го смета проектот за кој станува збор, а кој ќе се простира од пристаништето Драч во Албанија, преку Тирана, Охрид, Скопје, Софија до Варна, и посебно, минувајќи преку Софија, ќе го поврзува транс-европскиот автопат со Истанбул, само за патна инфраструктура, туку и како еден интеграциски проект кој на економски, социјален и културен план меѓусебно повеќе ќе ги доближи Албанија, Македонија, Бугарија и Турција и ќе ја продлабочи нивната соработка. Со реализацијата на овој проект ќе се отворат нови хоризонти и за Македонија.

(Аплауз)

Сакам да истакнам некои моменти на возвишениот парламент во врска со овој проект.

Ако Европа навстина се обедини со Балканот и ако, навистина, Европа со Азија оформи еден Евро-азиски простор тогаш за ова треба една артерија да се изгради. Овој проект ќе ги поврзе Јадранското море со Црното море. Впрочем Црното море со Каспиското е поврзано преку Кавкаските простори и на овој начин просторите на средна Азија, Каспиското море, Кавкаските простори преку Балканот со еден појас меѓу себе ќе се прегрнат. Впрочем и поврзувањето од Софија преку Истанбул со еден автопат современ, Европски автопат со средоземните пристаништа и преку нив со пристаништата на Блискиот Исток ќе биде реалност за идните неколку години. Овој проект за Албанија, за Македонија, за Бугарија, за Турција и за другите соседни земји е од животна важност. Меѓутоа, повеќе од сето ова за Македонија е и тоа што овој проект Македонија ќе ја поврзе со пристаниште. Овој проект Македонија ќе ја изнесе на отворено море, на отворени пристаништа од кои денеска таа поради одредени политички околности е лишена. Македонија овој проект ќе ја прави повеќе слободна, повеќе независна. Сакам парламентот на Македонија на овој проект да му даде поддршка.

(аплауз)

(Ви благодарам)

Со отстранувањето на политичките и идеолошките пречки на крајот на периодот на студената војна, и на регионот на Балканот се создадоа неопходните можности и услови за отворање на еден нов период во насока на пријателство и соработка. Меѓутоа, наспроти овој позитивен развој што кај сите нас пробуди големи надежи кризата во бивша Југославија и босанско-херцеговската трагедија се појавија како нова пречка која се заканува на безбедноста и стабилноста на земјите од регионот.

Во тие услови, за да може да се зборува за можностите за развивање на севкупната соработка на Балканот, неопходно е воспоставување на мир, безбедност и стабилност во регионот. Поради тоа, важно е да се почитуваат независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на сите балкански земји, земјите во регионот меѓусебно да си ги признаат границите и да им стават крај на средствата кои му припаѓаат на минатото, како што се употребата на сила, заканите и етничкото чистење.

Турција, од формирањето на Републиката па до ден денешен, сите свои напори ги насочи во насока на остварувањето на блиската соработка меѓу балканските земји како на билатерален, така и на регионален план. Нашиот пристап кон проблемот на Босна и Херцеговина е доказ дека и денес ги продолжуваме истите настојувања. Чувствуваме големо задоволство што и Македонија ги дели истите сфаќања во изнаоѓањето на мирот и соработката.

Почитувани пратеници,

Како што пред малку истакнав, турскиот народ кон македонскиот народ негува чувства на искрена љубов и почит чии корени произлегуваат од историјата и заедничките вредности. Меѓутоа, важноста што Турција и ја придава на Македонија не потекнува само од историски или сентиментални причини. Македонија е како срце на Балканот. Таа има исклучително значајна стратегиска местоположба. Стабилноста и единството на Вашата земја, е од голема важност за целиот регион, па дури и за Европа.

Почитувани пратеници,

Како што пред малку истакнав турскиот народ кон македонскиот народ негува чувства на искрена љубов и почит( чии корени произлегуваат од историјата и заедничките вредности. Меѓутоа, важноста што Турција ја придава на Македонија не поттекнува само од историски или сентиментални причини. Македонија е како срце на Балканот. Таа има исклучително значајна стратегиска местоположба. Стабилноста и единството на вашата земја е од голема важност за целиот регион па дури и за Европа.

(Аплауз)

Живеењето во мир денес е прашање од најсуштествено значење за човештвото. Настојувањата да се разбијат установените поредоци и мозаици што историјата ги изградила, лежат во корените на судирите. Света цел е да се овозможи една мултиетничка и мултикултурна заедница да живее под едно знаме, при што луѓето ќе живеат во мирна и сигурна средина, бидејќи не е можно да се отстранат условите што ги создава историјата. Македонија, патот на создавање и чување на оваа структура што ја поседува го пронајде со високо почитување на демократските принципи. Демократијата е единствениот "цемент" кој ги чува еднаквоста, слободата и човечкото достоинство во мултиетничките општества и етничките групи ги соединува под едно знаме. Чувањето на оваа, за Балканот, карактеристична структура, во согласност со демократските принципи и сфаќањето на општеството на благосостојба, претставува убав пример не само за регионот, туку и за другите делови на светот.

Меѓународната заедница е свесна дека Македонија во оваа своја борба чувствува потреба како од политичка, така и од економска поддршка. Политиката и настојувањата што ја спречуваат оваа поддршка ги сметаме за несреќни и ги примаме со жалење. Веруваме дека веќе не може на никаков начин да биде попречувано настојувањето Вашата земја да го заземе она место во Европа што и припаѓа.

(Долготраен аплауз)

Да го истакнам и ова. Нема големи и мали држави и неможе да има. Државите се рамноправни. Македонија е членка на Обединетите нации. Според тоа, произлегува дека Македонија ги има и треба да ги има сите тие права на меѓународно ниво кои што ги имаат и другите членки на Обединетите нации. И токму затоа Македонија треба да ги воспостави врските со меѓународните организации, како што е Европската унија, како што е ОБСЕ и НАТО, исто како што тоа го оствариле и другите држави.

Во тој контекст, уште еднаш сакам пред Вас да ја повторам решеноста на Турција да продолжи да ја поддржува пријателската Македонија на сите полиња.

(Долготраен аплауз)

Господине претседателе,
Почитувани членови на Парламентот

Завршувајќи го моето излагање, сакам да потенцирам дека сум исполнет со надеж дека мојава посета ќе придонесе за зајакнување на вкоренетите пријателски врски што постојат меѓу Турција и Македонија. На почетокот на моето излагање истакнав дека возвишениот Ваш парламент на почетокот на основањето на Република Македонија одигра извонредно голема улога. Вие што сте членови на овој возвишен парламент сте среќни луѓе. Вие во историјата на Вашата земја и на Вашиот народ ќе бидете запишани како основоположници на државата. Идните генерации, особено политичките структури со гордост ќе ве спомнуваат. Вашиот парламент е срцето на демократијата. Големиот Ататурк за големото Народно собрание на Турција ги рекол следните зборови: 'Тоа е моето најголемо дело". Вие сте големото дело на Македонскиот народ. Јас, кој што низа години, долги години од својот живот сум ги поминал во парламентарен живот како пријател на Вашата земја Ви ги кажувам овие зборови. Пријателството меѓу Турција и Македонија е вечно. Нашите народи на ова пријателство ја даваат секоја поддршка. Немаме никакви проблеми меѓу нас. Турција е пријател на Македонскиот народ и на Македонската држава. Таа ќе продолжи да реализира соработка за поубави, мирни и среќни денови. Вам, на Македонскиот народ, на Македонската држава Ви посакувам успех и ве поздравувам сите вас.

(Долготраен аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пртеници, почитувани гости. Ми причинува особено задоволство да истакнам дека во името на Собранието на Република Македонија и сите овде присутни можеме да ја изразиме големата благодарност за инспиративниот настап на претседателот на Република Турција, г-динот Сулејман Демирел за овој инспиративен говор и особено за готовноста за натамошната плодна и продлабочена соработка меѓу нашите парламенти, нашите народи и нашите земји. Уверен сум дека истото чувство и задоволство со нас го споделува и целокупната наша јавност која имаше можност преку директен пренос да го следи овој исклучително важен настан.

Во оваа пригода сакам да укажам на фактот дека пријателството и традиционално блиските врски меѓу нашите земји и народи се длабоки. Тој пат е цврста основа за стабилни и сестрано развиени меѓусебни односи, а истовремено и гаранција за нивно продлабочување во иднина.

Нашите две земји со својата мирољубива политика се фактор на мирот и стабилноста на Балканот. Република Македонија нема да штеди напори а уверен сум и Република Турција, во настојувањето за претворање на нашиот регион во простор за соработка и добро соседство, целосно интегриран во демократска Европа. Актуелните предизвици со кои сме соочени не смеат и не можат да не одалечат од таквите определби и заложби.

Уште еднаш господине претседателе го изразувам своето особено задоволство поради Вашето присуство меѓу нас, македонските парламентарци и за упатените државнички пораки во Вашиот говор.

Ја заклучувам Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжението на Дваесеттата и Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија ќе биде дополнително закажана.

(Претседателите ја напуштија салата испратени со долготраен аплауз).

(Седницата заврши во 11, 25 часот.

лј